**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# ОДЛУКА

за именување член на Надзорниот одбор на
Стопанска банка АД - Скопје

Скопје, мај 2019 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 339/15.12.2016 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје на седницата одржана на 29.05.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
за именување член на Надзорниот одбор на
Стопанска банка АД - Скопје

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје го именува г-дин Маринис Стратопулос за член на Надзорниот одбор.

2. Мандатот на членот на Надзорниот одбор од точка 1 е со времетраење од четири години од денот на стапување во сила на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука стапува во сила на денот на донесување а ќе се применува од денот кога кандидатот од точка 1 од оваа Одлука ќе добие согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија за негово именување за член на Надзорниот одбор.

С.О.бр. **СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
29.05.2019 година
Скопје **Претседавач,**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во согласност со Законот за банки и Статутот на СБ, членовите на Надзорниот одбор се именуваат од страна на Собранието на акционери на Банката. Мандатот на членовите е утврден на 4 (четири) години.

Со оваа Одлука се предлага Собранието на акционери да го ре-именува г-динот Маринис Стратопулос за втор последователен мандат за член на Надзорниот одбор. Г-динот Стратопулос е именуван за член на Надзорниот одбор во мај 2015 година (добиена согласност од НБРСМ на 21 септември 2015 година) и претседаваше со одборот во изминатиот период. Тој е Генерален директор на Секторот за имот и Генерален директор на Секторот за меѓународни активности на НБГ Групацијата. Покрај неговата улога во Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје, тој е и Претседател на Бордот на директори на Банка Романеска (НБГ), НБГ Лизинг ИФН во Романија како и Заменик Претседател на Бордот на директори на НБГ Кипар.

Имајќи го предвид неговото големо искуство на високо-раководни позиции и неговото одлично познавање на работењето на Стопанска банка АД – Скопје, се предлага г-динот Маринис Стратопулос да биде ре-именуван за член на Надзорниот одбор за уште еден мандат.

Во согласност со Законот за банки, предложеното ре-именување ќе стапи на сила на денот на донесувањето на оваа Одлука и ќе се имплементира по добивањето на соодветната согласност од Гувернерот на НБРСМ.

Скопје, април 2019 година

**НАДЗОРЕН ОДБОР**